во потрага по украдениот предмет, посебно ако се има фотографија, бидејќи на истражните органи повеќе им значи фотос, отколку било каков опис на ограбениот предмет.

Во врска со прашањето, односно проблемот за користење на музејскиот материјал би спомнал дека истиот се користи преку презентирање на времени изложби, постојани музејски поставки, потоа преку отстапување и публикување. Со еден збор тој треба да ѝ е достапен на јавноста, односно на заинтересираните организации на здружениот труд и други самоуправни организации и заедници, научни, просветни и други работници, со цел проучување и публикување, и се користи за воспитно-образовни и културни потреби на работните луѓе и граѓаните.

Досега, колку што мене ми е познато, ниту еден музеј во нашата Република нема донесено нормативен акт за користење на музејскиот материјал, иако е тоа законска об врска. И, прашање, пак за расправа, докаде се музеите со донесувањето на нормативниот акт за стручна документација?

Денес, музеите како културно-образовни институции од посебен општествен интерес, односно музејските работници, имаат сложена и одговорна професионална задача да го чуваат за идните генерации она најубавото и највредното од културното наследство што човекот го создавал во минатото.

Остануваат многу отворени прашања во културно-заштитната дејност, што секако бара ангажирање на сите расположиви сили во зачувувањето на нашето културно наследство.

Мислам дека не е пренагласено ако кажам дека состојбата во заштитата на движните споменици на културата кај нас е алармантна!

ПОСТУЛАЦИЈА:

1. Дефинитивно средување на евиденцијата и валоризирање на движни споменици на културата со стручно обработени регистри.
2. Донесување решенија за утврдување на статусот на споменик на културата и за предавање на привремено чување на оној вид движни културни споменици што не се доволно заштитени на местото на кое сега се наоѓаат.
3. Поострување на одговорноста на имателите на културните добра и на оние субјекти што овозможиле или придонеле кон уништување или оштетувањето на спомениците на културата, односно музејскиот материјал.
4. Реорганизација и зајакнување на реставраторската и конзерваторската дејност ширум републиката, односно да се донесе систем на мерки што ќе овозможат севкупна заштита на спомениците на културата, како општокултурни добра.
5. Рационализација на работи и работни задачи на вработените во македонските музеи.
6. Поставеноста на македонските музеи како организации на здружен труд.
7. Планирањето и меѓусебната усогласеност во извршувањето на одредени функции.

БЕЛЕШКИ

[1] Želimir Koščević, Muzej u prošlosti i sadašnjosti, Muzeologija, 21/77, Zagreb, 26.

[2] „Нова Македонија“, 20. 09. 1986, Скопје, 6.

[3] Музејска дејност во СР Македонија, Скопје, 1980.

[4] „Нова Македонија“, истото.

[5] Zbornik radova, god. V—VI, 1979—80, broj 5—6, Sarajevo, 1981.

[6] Д-р Миљковиќ Ѓорѓе, Крадците пред алармите, „Нова Македонија“, XLIV, 14737, 3 февруари, 1988, Скопје, 8.

[7] Srđan Stojančev, Sveta Trojica na meti lopova, Galaksija, 22, 185.

[8] Davor Ržehek, Signalno-alarmni uređaji za zaštitu muzeja i galerija, Muzeologija, 17 (1975) Zagreb.

[9] Le Sécurité dans les Musees, Paris, 1977.

[10] H. Lavononeriy — A. Hoblecourt, Les techniques de protection des biens culturels on cas de conflit armé, UNESCO, Paris, 1954.

**Златко Теодосиевски:**

# Остварувањето на матичните функции во областа на заштитата на дела од современата ликовна уметност

БИДЕЈЌИ НАЈЧЕСТО употребуваниот збор во оваа прилика ќе биде поимот матичност, односно матична организација — матични функции, воведен не само во Законот за музејската дејност туку речиси и во сите други закони од областа на културата, на почетокот, и сосема накусо, би потсетил на неговото изворно значење односно на оние „пренесени“ толкувања применети во праксата. Едновремено, и на некои отворени прашања, или подобро речено — дилеми, а сето во еден поширок контекст на заштитата на делата од современата ликовна уметност.

Меѓу повеќето значења што во себе ги содржи овој поим, или барем неговиот корен,

основата на неговата примена во музејската и другите дејности најчесто ја црпиме од дефиницијата која под матичност подразбира една главна институција од која зависат други што се основани од неа. Ова, секако, во наши услови го прифаќаме во преносна смисла, зашто нашите „матични куќи“ во областа на културата не се основачи на себе слични, туку преку добиени права вршат функција на координатори, насочувачи во дејноста, имаат надзорни надлежности и сл.

Веднаш се наметнува дилемата зошто, и според кои објективни критериуми, една институција се става *над* друга од истата дејност, зошто се прогласува за, како што вообичаено велиме, „службено најпаметна“? Аргументите за или против веројатно можат да се ценат и преоценуваат ,но најчесто го прифаќаме мислењето дека на сегашниот степен на развој на дејностите е потребна ваква *хиерархија*. Меѓутоа, и во дилемата има дилема, односно двојство во третманот кое противречи на определбите за матичност.

Имено, по словото на Законот, Музејот на Македонија е матична институција во музејската дејност на територијата на СР Македонија. Единствена отстапка е направена во однос на музејскиот материјал кој вообичаено го нарекуваме природно богатство, па улогата на матична организација ја добил и Природонаучниот музеј на Македонија. Меѓутоа, по логиката на нештата, слично решение требало да биде применето и во поглед на остварувањето на матичните функции во областа на современата ликовна уметност, дотолку повеќе што во времето на донесувањето на Законот веќе постоеше и добро функционираше Музејот на современата уметност во Скопје.

Сепак, секојдневието често ги корегира и пречекорува рамките на нормата, па така и во овој случај, но некако премолчено, матичните функции во овој дел од музејската дејност во праксата ги презема Музејот на современата уметност. Така се дојде до ова, да го наречеме апсурдно двојство: матичната организација основана од Републиката — конкретно Музејот на Македонија, според Законот да има надлежности кои во праксата ги остварува друга организација.

На прв поглед проблемот можел, а може и денес, многу лесно и безболно да се надмине со дополнување на Законот и со менување на статусот на Музејот на современата уметност од „градска“ во организација основана од Републиката. Но прашањето сепак има и подлабоки и посуштествени аспекти, кои, барем делумно, ќе бидат назначени подоцна.

Ако за миг се остават на страна сите објективни противречности кои произлегуваат од третманот на современата ликовна уметност во Законот, понатаму ако времено го „заборавиме“ и отсуството на формално-правен основ Музејот на современата уметност да врши матична функција, сепак останува фактот дека оваа организација во практиката тоа го прави. Немањето на правен основ во случајов можеме да го сметаме и за второстепено, зашто оганизацијата врши дејност која е од значење за македонската култура. Но како?

Според податоците на Републичката заедница на културата, во 1988 година на Музејот на современата уметност за остварување на матичните функции му се доделени 1.500.000 динари*. Со овие средства треба да се покрие делот на матичните функции што сега ги остварува оваа организација, и тоа: активности на планот на проучувањето и евидентирањето на современата македонска ликовна уметност, укажување на стручна помош при обработка, средување и конципирањето на поставките во музеите и галериите, заштита и конзервација на делата, размена на публикации и каталози и слично. Во колкав обем и со каков успех можат да се извршат овие обврски со наведениот износ на средства, излишно е да се коментира. Минималните вложувања по правило произведуваат ограничени ефекти, па заради тоа не треба да не зачудуваат состојбите во одредени музеи и галерии, несреденоста на колекциите на дела од современата уметност, неевидентираноста, оштетувањата итн.

Од друга страна, прашање е дали може да се биде преголем оптимист во верувањето дека сè би можело да се реши преку зајакнати и формално-правно регулирани матични функции во делот на музејската дејност кој се однесува на современата ликовна уметност дури и под услов да има доволно средства. Ликовната уметност сеуште го нема соодветниот статус и третман ни во „сопствениот“ дом — во музеите и галериите, а пошироко да не зборуваме. Витрините најчесто ќе ги претрупаме со стотици повеќе неважни отколку важни археолошки или историски предмети, ѕидовите со бледи фото-копии, додека во депото ќе стои сокриен еден Мартиновски или Личеноски или сликар од помладите генерации за кој допрва ќе чекаме да „созрее“.

Прашањето на градење однос не се разрешува по пат на матичност. Меѓутоа, кога таа веќе се практикува, неопходно е прецизно и јасно дефинирање на целите, обврските и надлежностите. Овде би се навратил на претходно спомнатото дека само со проста кодификација на правниот основ не можат да се решат суштествените аспекти на матичната функција во заштита на делата од современата ликовна уметност. Битно е како, со какви надлежности, во кои насоки и над кои субјекти се остварува таа.

---

* Само за споредба, а без коментар: во истата година на Музејот на Македонија му се доделени по основ на матичност 76.330.000 а на Природнонаучниот музеј на Македонија 30.885.000 динари.

Во оваа смисла, не би имало посебни причини матичните функции во заштитата на делата од современата ликовна уметност суштествено да се разликуваат од истите во целокупната музејска дејност или пак да претрпат поголеми измени, освен можеби во поглед на зајакнување на некои од постојните и вградување на одредени специфични елементи, доколку има такви. Зајакнување е неопходно особено во поглед на утврдувањето на општите услови за заштита, користење и презентација, во стручниот надзор, верификацијата на поставките и водењето на централната документација, со обврзна валоризација и категоризација

Што се однесува до практичната реализација на матичноста, нема сериозни причини за напуштање на постојното решение, се разбира преку соодветна правна регулатива. Музејот на современата уметност е единствена стручна организација која може да одговори на барањата. Впрочем, како што веќе беше речено, во помал или во поголем обем таа тоа го прави и денес.

Меѓутоа, неопходно е прецизно и јасно да се утврдат насоките на надлежностите на оваа организација над другите субјекти, или поточно: какви ќе бидат ингеренциите на Музејот на современата уметност над Музејот на Македонија (и обратно), во колкав обем би важела обврската за вршење стручен увид и укажување на стручна помош од една матична организација на друга, дали полето на интересот ќе се протега само на прашањата од заштитата на делата од современата ликовна уметност или тоа го подразбира и користењето, презентацијата и слично? Понатаму: што во практиката ќе значи правото односно обврската за верификација на поставките на ликовни дела или во кои насоки ќе се движи грижата за унапредувањето на стручната работа и стручното усовршување на кадрите? Овие две прашања се особено значајни за остварувањето на матичноста над другите музеи и галерии во Републиката.

Оттука, иако на прв поглед се чини едноставен, проблемот содржи низа отворени прашања со своја реална специфична тежина. Заради тоа, и овој текст ги немаше амбициите за нивно разрешување, туку повеќе на потенцирање на она што се чини најсуштествено. Некои можни одговори и размисли се содржани на претходните страници, па нема причини да бидат повторувани. Натамошната разработка на посочените елементи, нивното дополнување и евентуално надминување бара поголем и посестран ангажман на сите субјекти во заштитата на делата од современата ликовна уметност.

На крајот, мислам дека е неопходно уште еднаш да се нагласи дека прашањето (или проблемот) на матичноста во целина најмалку може да се решава со норма. Нереално е да се очекува со еден или два члена во некој закон да се зафати доволно длабоко и подеднакво широко за да се предвидат сите можни елементи и ситуации од праксата. Законот нуди основ, а другото е прашање на организација, инвентивност, стручност во изнаоѓање на вистинските одговори.

**Д-р Галена Куцуловска:**

# Состојбата и проблемите во функционирањето на меморијалните музеи во СР Македонија

МЕМОРИЈАЛНИТЕ МУЗЕИ посветени на значајни настани и личности од богатото историско и културно наследство на македонскиот народ, спаѓаат во специфичните и исклучително значајни институции во сферата на културните дејности во нашето општество. Во рамките на целосната музејска мрежа, меморијалните музеи со својата идејно-воспитна и културно-образовна функција даваат непроценлив придонес во афирмирањето на валоризираните неповторливи историски и културни вредности на македонскиот народ создавани низ вековите.

Имајќи ја предвид нивната мошне значајна мисија во популаризирањето на македонската национална историја и култура, надлежните општествено-политички субјекти покажуваат посебен интерес за нивно непречено и успешно дејствување и проширување на постојната музејска мрежа. Од вкупно 75 музејски институции кои егзистираат на подрачјето на СР Македонија 47 се меморијални музеи посветени на значајни настани и личности од нашето подалечно и поблиско историско минато, и спомен соби на борбени единици од НОВ. Во долгорочната програма за развој на музејската мрежа во нашата Република, се предвидува нивниот број значително да се зголеми, особено на оние подрачја во кои таквите институции не се доволно застапени.

Најголемиот број од постојните музеи третираат проблематика од Народноослободителната војна и револуцијата како највисока и најзначајна етапа од вековната борба на македонскиот народ за ослободување од туѓинската доминација, за создавање на своја државност. Најчесто, иницијатори за отво-